

# СТАРЕЦ СОФРОНИЈ

## ЗА ДУХОТ И ЖИВОТОТ

196.

Литургијата ја совршуваме заеднички. Но, ја плаќаме и цената за тоа. Секој од нас е должен да се грижи за спасението на сите. Нашиот живот е бескрајна тајна.

197.

Не постои друг пат освен непрестајна молитва додека работиме. Сè она што сте должни да го сторите, престорете го во молитва. Отворате една врата - побарајте од Господа да ја отвори за вас и вратата на покајанието. Градите - мислите дека се трудите напразно и дека ништо не може да биде направено, ако Самиот Бог не учествува во неимарството. Немам обичај да барам совети од водачи на држави и војски, но настанот со Кромвел е впечатлив. Подготвувајќи се за една битка се молел: *Господи, денес ќе бидам многу зафатен, може да ми се случи да Те заборавам, но Ти не ме заборавај!*

198.

Пронаоѓајте начини да бидете со Бога!

199.

Еднаш, на Света Гора, уште додека бев искушеник, еден стар монах ми кажа нешто што е добро да се знае за нештата што денес се сметаат за понижувачки: *Ниедна работа не ја унижува вредноста на човековата личност. Само гревот го гаси Божјиот живот во нас!* Работите што не можат да станат страст, повеќе му користат на духовниот живот. Ако сум готвач, ја подготвувам храната молејќи се за оние што Господ ги љуби. Овде не постои страст. Истовремено, ова има голема вредност, затоа што ми овозможува да им служам на луѓето што Христос ги љуби. Можеме да живееме спокојно, ако го усвоиме овој став.

200.

*Кој ќе биде прв?* Господ вели: *Барајте го најпрво Царството Божјо... и сè друго ќе ви се додаде* (Мат. 6, 33). Ова е нашето начело, па дури материјалниот живот да ни се наметнува дење-ноќе. Целите на световниот живот се други, и никој веќе нема време да се моли.

201.

Кога нашиот ум и срцето се насочуваат кон Бога, сè станува лесно. Без овој силен двиг кон Бога, животот ја губи својата смисла.




202.

Во манастирот на свети Пантелејмон, понекогаш ми се случуваше истовремено да имам и до четиринаесет послушанија (служби). Му реков на мојот духовник: *Не успевам да ги исполнам моите задолженија, имам четиринаесет послушанија. Тој ми одговори: Грешиш, немаш ниедно друго, освен едно! Не, оче мој, одговорив, имам четиринаесет. Не, повторно ми рече, не правиш ништо друго, освен една работа. Изврши ја добро, па, продолжи ја следната!*

203.

Целта што си ја задаваме во нашиот живот ги вдахновува сите наши дела. Ако, на пример, настојуваме, пред сè, да спечалиме пари, што било да направиме ќе произлегува од нашата цел.

204.

Работата, општествената положба, не требаше да имаат никакво значење во односите меѓу луѓето. Надмоќноста не е надворешна, туку внатрешна. Оној што Го љуби Бога повеќе, што се моли повеќе, кој се обидува повеќе да ги исполнува заповедите, ќе биде поблиску до Господа. Тоа е многу значајно. Ослободете го вашиот ум од секоја мисла за *кариера*. Во духовниот живот не постои кариера.

205.

Ако спасението во Христа е единствена цел на нашиот живот, тогаш сè што правиме станува дело молитвено, дело литургиско.

206.

Што било да правите, на пример вашата работа, може да ви донесе спасение. Тоа зависи од вас, од начинот на кој ја извршувате. Историјата познава многумина монаси што служеа во кујна, во гостоприемница, а станаа големи Светии. Патот на спасението се состои во тоа, да работиме без страст, молејќи се.

207.

Можеби сте чуле за оној монах што целиот свој живот беше готвач во некој манастир близу Киев. Гледајќи го огнот под тавите, постојано се гледаше себе си во пламенот на Пеколот. Стана свет! Неговото послушание не му попречи секогаш да заедничари со Бога.

208.

Не губете го своето време, живеејќи без молитва, без мисла!

209.

Секое нешто во нашиот живот има своја духовна смисла. Најпрвин, треба да осознаеме, како можеме да работиме насочувајќи го умот, срцето или нашето внимание во Бога.




210.

Нека Бог ви даде сила да го држите вашиот дух, ум и срце во Духот Христов! Тогаш, што било да се случи, ќе може многу брзо да се преобрази подлабоко. Она што е здодевно и обесхрабрувачко, ќе исчезне преобразено од вашиот копнеж да бидете таму каде што е Христос, вашиот Бог.

211.

За да го зачуваме нашиот дух и срце во мир, пред судот Божји, не треба да правиме ништо што би можело да му попречи на ближниот. Должни сме, она што ни е потребно за живот да го обезбедиме самите, со нашата работа.

212.

Не треба да дозволиме, не сметајќи притоа на жртвите, грижите на секојдневниот живот да ни го попречат престојувањето во Духот, со Христа, Кој се наоѓа од десно на Отецот.

213.

Некогаш, Отците на Црквата ја употребуваат следната метафора: Ако некаде се наоѓаме заедно со еден автократ, тогаш неговото присуство влијае врз сè она што го правиме. Зошто истото да не се случува и со нашиот вечен Цар? Штом е секаде присутен, тогаш, сè што правиме, треба да го правиме како што би постапиле пред Неговите очи. Секогаш!

214.

Дење-ноќе, да мислиме на тоа дека Бог нè гледа, дека ги слуша нашите молитви, дека ги гледа длабочините на нашиот дух. Тоа, сигурно не значи, дека Го гледаме Бога *Каков што Он Е*, но тоа сепак создава *атмосфера* што ни овозможува да ги распознаваме нашите мани, расејувањето на нашиот ум, нашите грешки во општењето со другите, во текот на денот.

215.

Живеејќи со други луѓе, подложени сме на определени ограничувања, општествени норми, принуди и др. Но, духот што происходи од Бога, ги надминува сите овие обрасци!

превод од грчки: Митрополит Струмички г. Наум